**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 17.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4928 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Од десетте мониторирани изданија на ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути, во периодот од 2 до 11 октомври 2016 година, селектирани се новинарски прилози со актуелна внатрешно-политичка и со

општествена проблематика од Република Македонија, со вкупно времетраење од – 3 часа 23 минути и 44 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Без субјекти | 00:15:20 | 7,52 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:38:53 | 19,09 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:40 | 2,78 | % |
| СДСМ | 00:12:45 | 6,26 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:41 | 4,26 | % |
| ДПА-ДР | 00:03:38 | 1,78 | % |
| Други субјекти | 00:35:04 | 17,21 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:58 | 2,93 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:47 | 3,33 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:11 | 2,54 | % |
| Собрание на РМ | 00:08:51 | 4,34 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:12 | 1,57 | % |
| Левица | 00:01:19 | 0,65 | % |
| Влада на РМ | 00:19:15 | 9,45 | % |
| Судство | 00:11:21 | 5,57 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:26 | 0,70 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:13 | 3,05 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:35 | 0,29 | % |
| Беса | 00:02:08 | 1,05 | % |
| Унитети | 00:00:56 | 0,46 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:45 | 1,35 | % |
| Шарена револуција | 00:00:38 | 0,31 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:08 | 1,05 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:01 | 0,50 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:21 | 1,15 | % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:48 | 0,39 | % |
| Привремена комисија | 00:00:50 | 0,41 | % |
| | **Вкупно: 03:23:44** | 100 | % |

Употребата на жанрот – репортажа со социјална тематика, е една од спецификите по кои централниот Дневник (18:30 часот) на Вториот програмски сервис се разликува од вообичаениот новинарски / уредувачки информативен пристап кон актуелните теми од секојдневието. Таквиот, континуиран, јавен, повеќедимензионален приказ на социјалната проблематика чие централно гледиште е она на граѓанинот, забележлив е во повеќемесечната серија прилози што за содржина ја имаат ревитализацијата на селото Хасанбег, едно од најпогодените населени места по летните поплави во Скопје и во скопско. Во прилог на ваквиот новинарски приод кон посочената актуелна проблематика влегуваат и информациите за хуманитарните акции преземени од Унијата на имамите од Швајцарија и на организацијата „Хилал", но и соопштението од Владата на Република Македонија дека е почната целосната исплата за претрпените материјални штети од поплавите. По иста новинарска / уредувачка постапка е направена и репортажата за „Мизеријата на албанското семејство Јонузи", чиј имот настрадал по поплавите во тетовско.

Основни теми, пак, за секојдневниот новинарски ангажман преку класичните облици на вест и на извештај, се собраниските / комисиски расправи за дисбалансот во постојните изборни единици, за предлогот на државниот буџет за 2017 година, предложените измени на законите што ја определуваат функционалноста на Специјалното јавно обвинителство, како и расправата за измени во Законот за народниот правобранител. Поширокото, политиколошко и партиско-политичко тематизирање на овие актуелности, во централниот Дневник на МТВ2 се проследува преку разговор со Зијадин Села, лидерот на вон-парламентарната ДПА-ДР, потоа преку акцентирање на парламентарните настапи на Павле Трајанов (ДС) како предлагач на измените во законите по кои функционира СЈО, ставовите на албанските политички партии БЕСА и Унитети, како и преку проследување на гледиштата на претставниците на меѓународната заедница во Република Македонија, Чарлс Гарет и Самуел Жбогар.

На истата тема, но во поширок размер од идејната новинарска рамка, и тоа најчесто по официјални поводи, контекстуализирани се средбите што ги оствариле челниците на ДУИ и на ДПА, како учесници во „Договорот од Пржино", со претставници на меѓународната заедница (*Есенската сесија на ОБСЕ во Скопје; „Национална конференција за води", организирана од Министерството за животна средина и просторно планирање; „Напредни методи за мониторинг на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи", организирана од Државната комисија за спречување корупција - ИПА твининг проект: „Подршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата"*).

Како тематски сродни, обединети во последователно емитувани прилози, обработени се - „*Хуманитарните аспекти на бегалската криза*", дебатна точка издвоена од Есенската сесија на ОБСЕ, што е во аналитичкот фокус и за студијата на невладината организација „Ла страда", која ги истражувала условите во кои живеат бегалците во прифатните центри во Република Македонија, а во прилог на ова, прикажан е и ставот на „Амнести интернешенел".

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:30 | 26,32 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:43 | 3,12 % |
| СДСМ | 00:04:31 | 8,20 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:22 | 4,30 % |
| ДПА-ДР | 00:02:01 | 3,66 % |
| Други субјекти | 00:10:12 | 18,51 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:37 | 2,93 % |
| Левица | 00:00:21 | 0,64 % |
| Влада на РМ | 00:06:32 | 11,86 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:17 | 4,14 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:48 | 3,27 % |
| Граѓански сектор | 00:01:57 | 3,54 % |
| Демократски сојуз | 00:00:54 | 1,63 % |
| Беса | 00:01:13 | 2,21 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:11 | 2,15 % |
| Шарена револуција | 00:00:19 | 0,57 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:19 | 0,57 % |
| Судство | 00:00:40 | 1,21 % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:19 | 0,57 % |

| | | |
|---|---|---|
| Локална самоуправа | 00:00:20 | 0,60 % |
| | **Вкупно: 00:55:06** | 100 % |

Спектарот граѓански теми, што не произлегуваат од репрезентативните собраниски активности на политичките партии, се движи од континуирано новинарско известување за судскиот процес „Диво насеље", до прилози за значењето на меѓунационалните односи на различни нивоа од македонското општествено-политичко секојдневие (*дебата на Тетовскиот универзитет, организирана како соработка на невладината организација „Северноатлантски совет" и на Правниот факултет; проект на УСАИД за мултиетничкиот соживот во македонското образование; дебата за состојбата со безбедносниот систем на државата – организирана од Факултетот за безбедност и Министерството за внатрешни работи*), како и прилози за активностите на синдикатите и на стопанските комори (*реакција против законите за нотаријат и за извршители, и против повластиците за странските инвеститори во домашната текстилна индустрија; регионална соработка за поедноставување на царинските процедури*).

Меѓу прилозите од двата последни дена од десетдневниот мониторинг – 10 и 11 октомври, се издвојуваат – форензичката анализа на Институтот за судска медицина во врска со човечките коски откопани во дворот од семејната куќа на Али Ахмети, лидерот на ДУИ, протестниот марш под мотото „Борбата продолжува, гласот ќе победи", организиран од СДСМ и од Сојузот на борците од Република Македонија, како и свеченостите по повод „11 октомври", Денот на македонското народно востание.

***Посебни информативни емисии***

*Дебата*

На 4 октомври, од 21 часот и 45 минути, едночасовното издание на актуелно-политичката емисија „Аргумент", организирано е како дебата на теми: Каков ќе биде статусот на СЈО откако во Собранието не се изгласани законите што го регулираат неговиот домен на работење, и дали е тоа главната пречка за одржување на предвремените парламентарни избори закажани за 11 декември? На овие теми дебатираат: универзитетскиот професор Осман Кадриу, пратеникот од ДУИ - Талат Џафери, и адвокатот Бујар Дардхишта. Новинарот потенцира дека на поканата не се одзвале претставници од СДСМ и од ДПА.